Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија") бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Ѓорче Петров, на ден 27.03.2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров - Скопје** кој го донесува Советот на Општина Ѓорче Петров, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров - Скопје** , се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Ѓорче Петров.

3. За планскиот документ **Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров - Скопје** , за чија изработка е одговорна Општина Ѓорче Петров и го донесува Советот на Општина Ѓорче Петров, донесувањето на планскиот документ, ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економска состојба, влијанија врз квалитет на амбиенталниот воздух, влијание врз квалитет на површински и подземни води, влијание врз почва, влијание поврзано со управување со отпад, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна,влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

6. Против оваа Одлука јавноста има право на жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Бр. 09-1089/1
од 27.03.2019год.
Скопје.

Општина Ѓорче Петров
Градоначалник
Александар Наумоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ